РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-3611/1
20.08.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Став на Агенцијата по доставени забелешки на 19.8.2025 г. по Нацрт-Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Во рамките на јавната расправа за Нацрт - Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 19.8.2025 г., пристигнаа забелешки (наш арх.бр.01-3069/2 од 19.8.2025 г.) од Трајче Костов, кои се однесуваат на 13 (тринаесет) члена од Нацрт-Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и тоа:

- Во членот 1 после зборот евиденција и следење да се додадат зборовите: „се дополнува со делот за регистри" кои се споменуваат подолу.

ЗАБЕЛЕШКАТА НЕ СЕ ПРИФАЌА.
ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:
Во членот 1 не се содржани последователно зборовите: „евиденција и следење", а зборот „следење" е содржан во друг контекст, во кој не е соодветно предложеното дополнување. Оттука, забелешката не е јасна поради што неможе да биде прифатена.

- **Член 3** – да се преформулира и да гласи:

**Член 3**

Агенцијата има три печати: Печатот на Агенцијата (во тркалезна форма), приемен и излезен печат (во правоаголна форма). Употребата на овие печати може да биде во физичка или електронска форма, согласно Законот за електронски документи (ЗЕУ).

Печатот на Агенцијата е во тркалезна форма. Во средината на печатот е грбот на Република Северна Македонија, а околу него полукружно на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо е напишано: „Република Северна Македонија – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut - Agjencia për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele – Shkup".

Излезниот и приемниот печат на Агенцијата имаат правоаголна форма, на нив се наоѓа грбот на Република Северна Македонија и на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо е напишано: „Република Северна Македонија – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut - Agjencia për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele – Shkup", со место за дополнување на архивски број и датум на заверка на документот.

Излезниот и примениот печат на Агенцијата имаат правоаголна форма, и на нив на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо е напишано: „Република Северна Македонија – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut - Agjencia për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele – Shkup", со место за дополнување на датум на прием, организациона единица, број, прилог и вредност.

Печатот и излезниот и приемниот печат се ставаат на актите кои ги донесува Советот на Агенцијата, како и на актите кои ги донесува директорот или заменик на директорот на Агенцијата, во согласност со Уредбата за канцелариско и архивско работење. Со акт донесен од страна на директорот/заменик на директорот на Агенцијата се уредува начинот на употреба на излезниот и приемниот печат и се определуваат лицата кои со нив ракуваат и ги чуваат.

*Забелешка: Се врши прецизирање на терминологијата и се усогласуваат видовите печати со остатокот од членот. Се додава и правната основа за употреба на електронски печати, согласно Законот за електронски документи (ЗЕУ), со што се осовременува одредбата.

ЗАБЕЛЕШКАТА ДЕЛУМНО СЕ ПРИФАЌА
ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:
Не се прифаќа забелешката во однос на зборот "штембил" во член 3 од Нацрт – Деловникот, затоа што овој термин се користи во Уредбата за канцелариско и архивско работење. Во Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги и во ЗААВМУ се користи терминот „печат" поради што најсоодветно е во Деловникот на Агенцијата паралелно да бидат во употреба двата термина, односно "печат/штембил".

Усогласениот член 3 од Предлог – Деловникот ќе гласи:

**Член 3**

„Агенцијата има печат/штембил во тркалезна форма и приемен и излезен печат/штембил во правоаголна форма. Употребата на тркалезниот печат/штембил може да биде во физичка форма, а употребата на приемниот и излезниот печат/штембил може да биде во физичка или електронска форма, согласно Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

Печатот/штембилот на Агенцијата е во тркалезна форма. Во средината на печатот/штембилот е грбот на Република Северна Македонија, а околу него полукружно на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо е напишано: „Република Северна Македонија – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut - Agjencia për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele – Shkup“.

Излезниот печат/штембил на Агенцијата има правоаголна форма, на кој се наоѓа грбот на Република Северна Македонија и на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо е напишано: „Република Северна Македонија – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut - Agjencia për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele – Shkup“, со место за дополнување на архивски број и датум на заверка на документот.

Примениот печат/штембил на Агенцијата има правоаголна форма, и на него на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо е напишано: „Република Северна Македонија – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut - Agjencia për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele – Shkup“, со место за дополнување на датум на прием, организациона единица, број, прилог и вредност.

Печатот/штембилот, излезниот и приемниот печат/штембил се ставаат на актите кои ги донесува Советот на Агенцијата, како и на актите кои ги донесува директорот или заменик на директорот на Агенцијата, во согласност со Уредбата за канцелариско и архивско работење. Со акт донесен од страна на директорот/заменик на директорот на Агенцијата, се уредува начинот на употреба на печатите/ штембилите и се определуваат лицата кои со нив ракуваат и ги чуваат.“

- **Членот 6** да се преформулира и да гласи:

**Член 6**

Агенцијата во својата работа се грижи за обезбедување законски услови за развој на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги преку донесување на подзаконски акти, политики и стратегии, промовирање на слободата на изразување, унапредување и заштита на културниот идентитет, јазикот и традицијата на заедниците во Република Северна Македонија, почитување на културните и религиозните разлики, поттикнување на културата на јавен дијалог меѓу граѓаните со цел да се зацврстува заемното разбирање и толеранција за унапредување на односите меѓу различните заедници, поттикнување на творештвото, заштита на интересите на корисниците, особено на малолетните лица, развој на медиумската писменост, транспарентен, независен, ефикасен и отчетен јавен радиодифузен сервис, за транспарентно, независно, ефикасно и отчетно вршење на своите надлежности како регулаторно тело во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, за технолошки развој на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, конвергенција со електронските комуникации и услугите на информатичко општество, поттикнување и развој на конкуренцијата во аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и реемитување на програмски сервиси преку јавни електронски комуникациски мрежи и развој на економијата во Република Северна Македонија.

Забелешка*

Агенцијата треба да се грижи за обезбедување на законски услови за развој со подзаконски акти, политики и стратегии за развој. Агенцијата не може да се грижи за развој, на АВМ сервиси, за тоа се грижи капиталот и пазарот, овој дел од текстот се брише. Зборот „поттикнување”, пред унапредување и заштита на културниот идентитет се брише. Зборот за „техничко” пред -технолошки развој на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги,

ЗАБЕЛЕШКАТА НЕ СЕ ПРИФАЌА.
ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:
Членот 6 од Нацрт - Деловникот е во согласност со член 2 од ЗААВМУ, во кој точно се утврдени целите кои се обезбедуваат со примената на ЗААВМУ. Имајќи предвид дека Агенцијата е надлежен орган за работите што се предмет на овој закон, во членот 6 од Нацрт – Деловникот е утврдено за што се грижи Агенцијата во својата работа во корелација со целите од членот 2 од ЗААВМУ.

- **Член 7** – да се соедини со член 6 бидејќи регулираат иста содржина, со што би се зголемило концизноста и прегледноста на Деловникот
  Во член 7
  - зборот „охрабрува” да се избрише
  - зборот „одлучува со дозвола” да се промени и да гласи: „Издавање на дозвола”.

ЗАБЕЛЕШКАТА НЕ СЕ ПРИФАЌА.
ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:
Членот 6 и членот 7 од Нацрт – Деловникот не регулираат иста содржина. Членот 6 се однесува на тоа за што се грижи Агенцијата - како надлежен орган за работите што се предмет на ЗААВМУ (согласно член 2 од ЗААВМУ), додека пак членот 7 се однесува на тоа за што е надлежна Агенцијата (согласно член 6 од ЗААВМУ).

- **Член 9** – зборот „заеми” да се избрише.

ЗАБЕЛЕШКАТА НЕ СЕ ПРИФАЌА.
ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:
Согласно член 4 став 7 од ЗААВМУ, работењето на Агенцијата се финансира и од заеми. Бришењето на зборот „заеми“ би било спротивно на ваквото законско решение.

- **Член 15** – да се преформулира и да гласи

**Член 15**

Советот ги има следниве надлежности:

- ги избира и разрешува директорот и заменикот на директорот на Агенцијата во согласност со ЗААВМУ и по постапка утврдена во овој Деловник за работа на Агенцијата,
- донесува одлука за распишување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско или радиоемитување,
- донесува одлука за доделување, одземање или продолжување на дозволата за телевизиско или радиоемитување,
- донесува одлука со која се дозволува, односно забранува промена во сопственичката структура на радиодифузер,
- донесува одлука со која се поништува одлуката со која е дозволена промена во сопственичката структура на радиодифузер,
- донесува одлука за поведување постапка за утврдување постоење недозволена медиумска концентрација, по службена должност,
- донесува одлука со која се утврдува постоење недозволена медиумска концентрација,
- одлучува за прашања поврзани со идентификацијата и регистрацијата на услугите платформи за споделување видеа и за барањата што треба да ги исполнат, како што се објавувањето импресум, нивните обврски, мерките за да се обезбеди почитувањето на обврските и прашања поврзани со решавањето на спорови,
- ги донесува подзаконските акти кои произлегуваат од ЗААВМУ и ЗМ,
- ги донесува општите акти за работа на Агенцијата,
- го донесува Деловникот за работа на Агенцијата,
- ја усвојува завршната сметка на Агенцијата,
- ги одобрува годишниот извештај за работа за претходната година и годишната програма за работа за наредната година на Агенцијата кои се составен дел на извештајот за работа на Агенцијата од членот 8 од ЗААВМУ,
- го донесува годишниот план за вршење програмски надзор и Методологијата за вршење програмски надзор,
- одлучува за преземање мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на Република Северна Македонија,
- донесува одлука за утврдување листа на настани од големо значење за јавноста на Република Северна Македонија,
- донесува Кодекс за однесување на членовите на Советот и вработените во стручната служба на Агенцијата,
- како второстепен орган решава по приговори и жалби на вработените во Агенцијата во однос на решенијата и одлуките од страна на директорот/заменик директорот,
- Советот постапува и одлучува по прашања кои се поврзани со Законот за работните односи,
- Советот ги разгледува предлозите на директорот за одлуки и донесува конечна одлука за нивно одобрување, или поништување на веќе донесени одлуки, кои се однесуваат на располагање со имотот, како и на вработувањата и отпуштањата на вработените во стручната служба на Агенцијата.
- го следи спроведувањето на годишната програма за работа на Агенцијата преку кварталните извештаи доставени од директорот на Агенцијата,

- донесува одлуки за преземање мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите на ЗААВМУ и ЗМ или на прописите донесени врз основа на истиот и условите и обврските од дозволите,

- донесува одлуки за преземање на мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на Република Северна Македонија и

- врши и други работи утврдени со ЗААВМУ и ЗМ.

*Забелешки

Алинејата – „ги избира и разрешува директорот и заменикот на директорот на Агенцијата во согласност со ЗААВМУ и по постапка утврдена во овој Деловник за работа на Агенцијата", се преместува на почетокот на членот, со цел да се истакне нејзината важност како примарна надлежност. Се додаваат нови алинеи кои ја разјаснуваат улогата на Советот како второстепен орган во решавањето на приговори и жалби на вработените, како и надлежноста за одлучување по прашања поврзани со Законот за работните односи, како важни а никаде претходно споменети се додаваат алинеите:

<u>како второстепен орган решава по приговори и жалби на вработените во Агенцијата во однос на решенијата и одлуките од страна на директорот/заменик директорот,</u>

- Советот постапува и одлучува по прашања кои се поврзани со Законот за работните односи.

Алинејата – „дава одобрување за донесување на одлуките на директорот на Агенцијата за располагање со имотот, како и за вработувањата и отпуштањата на вработените во стручната служба на Агенцијата" да се промени и да гласи: Советот ги разгледува предлозите на директорот за одлуки и донесува конечна одлука за нивно одобрување, или поништување на веќе донесени одлуки, кои се однесуваат на располагање со имотот, како и на вработувањата и отпуштањата на вработените во стручната служба на Агенцијата" - со цел да се внесе поголема прецизност во однос на надлежностите за одобрување и поништување на одлуките на директорот.

| |
|---|
| ЗАБЕЛЕШКИТЕ 1, 3 И 4 НЕ СЕ ПРИФАЌААТ.<br>ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:<br><br>Надлежностите кои се од значење и за работата на регулаторното тело и за дејноста се децидно утврдени во ЗААВМУ (член 18 и член 20), при што законодавецот точно утврдил кои се надлежности на директорот, а кои на Советот.<br><br><u>ЗАБЕЛЕШКАТА 2 ДЕЛУМНО СЕ ПРИФАЌА</u> Во подзаконските интерни акти на Агенцијата веќе е дадена можност за работникот да поднесе правен лек/приговор до Советот на Агенцијата против одлуките на директорот за прашања од работен однос, со што се обезбедува органот кој ја донел одлуката (директорот), да не одлучува истовремено и по приговорот против истата.<br><br>Се додава нова алинеја 22 која ќе гласи:<br><br>- „разгледува и зазема став по приговори на вработените во Агенцијата во однос на одлуките на директорот/заменик директорот со кои се одлучува за правата на работникот, |

- **Член 16**

Во ставот 1 делот „дава одобрување за донесување на одлуки на директорот на Агенцијата за спроведување на јавни набавки", се брише.

Во ставот 2 делот: „За финасиските трошоци поврзани со службени патувања, средства за репрезентација, членарини во меѓународни организации, платени обуки на вработените одлучува Директорот на Агенцијата и за истото го известува претседателот на Советот на Агенцијата" да се промени и да гласи: „За финасиските трошоци поврзани со службени патувања, средства за репрезентација, членарини во меѓународни организации, платени обуки на вработените по претходно одобрение на Советот одлучува Директорот на Агенцијата.

Да се додаде став 3 и да гласи: „Советот на Агенцијата врши евалуација на работата на директорот и заменикот на директорот за период од една година".

*Забелешка

Во ставот 1 делот „дава одобрување за донесување на одлуки на директорот на Агенцијата за спроведување на јавни набавки", се брише затоа што на почетокот на годината се усвојува планот за јавни набавки и финансискиот план, па за рационализација на време од овој дел нема потреба. ако годишниот план за јавни набавки и финансискиот план се веќе усвоени од Советот на почетокот на годината, нема потреба секоја одлука за јавна набавка поединечно да се одобрува. Ова ја забрзува работата на Агенцијата и ја намалува бирократијата. Законот за јавни набавки го регулира процесот, а со одобрување на годишниот план, Советот веќе има контрола врз буџетот.

Во ставот 2 делот што ќе се промени „одлучува Директорот на Агенцијата и за истото го известува претседателот на Советот" во „по претходно одобрение на Советот одлучува Директорот на Агенцијата" е клучен механизам за надзор

на работата на директорот и се спречува можноста за ненаменско трошење на буџетските средства, трошоците како службени патувања, репрезентација, членарини и обуки се области кои можат да бидат подложни на злоупотреби или неефикасно трошење. Со воведувањето на претходно одобрение од Советот, се воспоставува строга финансиска контрола и отчетност.

„Да се додаде став 3 и да гласи: „Советот на Агенцијата врши евалуација на работата на директорот и заменикот на директорот за период од една година". Годишната евалуација на работата на директорот и заменикот на директорот претставува формален механизам за надзор и оценување на раководството, со што се обезбедува поголема ефикасност и се поддржува донесувањето информирани одлуки во врска со нивниот мандат.

ЗАБЕЛЕШКАТА НЕ СЕ ПРИФАЌА.
ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:
Во однос на член 16 ставот 1 од Нацрт – Деловникот, зборовите: давање одобрување за донесување на одлуки на директорот на Агенцијата за спроведување на јавни набавки", не се прифаќа да се избришат. Станува збор за десетгодишна пракса која се покажала како ефективна во работењето, со која членовите на Советот имаат непосреден увид во секоја одделна постапка за јавна набавка, и се запознавааат со нивните карактеристики (технички спецификации, начин и рок на извршување, начин на плаќање, средства за обезбедување, времетраење на договор за јавна набавка и сл.).
Забелешката за измена на член 16 ставот 2 од Нацрт – Деловникот е неприфатлива, од причина што согласно член 20 став 1 од ЗААВМУ, директорот на Агенцијата е одговорен за законитото работење на Агенцијата. Согласно ЗААВМУ ,Советот на Агенцијата нема надлежност да врши "строга финансиска контрола и отчетност", туку неговата надлежност се однесува на уредување/регулирање на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги. Контрола на финансиското работење на Агенцијата се врши од страна на други субјекти кои за тоа се надлежни (внатрешен ревизор, независен меѓународен ревизор и Државниот завод за ревизија).
Во однос на забелешката за додавање на став 3 во членот 16 од нацрт - Деловникот, забелешката не се прифаќа од причина што законот не предвидува евалуација на работата на директорот на Агенцијата од страна на Советот на Агенцијата. Директорот согласно закон, на Советот му доставува квартални извештаи за спроведување на годишната програма за работа на Агенцијата, како и квартални извештаи за преземените мерки поради прекршувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми, подзаконските акти и условите во дозволата.

- **Член 19**

Во став 2 зборовите: „По исклучок" се заменуваат со зборот „опционално"
*Забелешка
Зборот „опционално" е појасен и директно укажува на фактот дека одредена активност не е задолжителна, туку е оставена како опција.

ЗАБЕЛЕШКАТА СЕ ПРИФАЌА.

- **Член 23**

  По зборовите: „На седниците на Советот присуствува и директорот на Агенцијата, заедно со стручната служба" се додаваат зборовите: „одвоени од членовите на советот со цел образложување".

  *Забелешка
  Со додавањето на новите зборови се прецизира улогата на директорот и стручната служба на седниците на Советот, притоа нагласувајќи дека нивното присуство е со цел да се дадат образложенија за одредени прашања, без да се наруши независноста на Советот во процесот на донесување на одлуки.

ЗАБЕЛЕШКАТА НЕ СЕ ПРИФАЌА
ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:
Наведеното од причина што согласно член 11 став 1 од ЗААВМУ, директорот на Агенцијата е орган на Агенцијата како и Советот – директорот ги предлага, а Советот врз основа на предлогот на директорот ги носи одлуките и актите од негова надлежност. Воедно, во ЗААВМУ е дефинирана улогата и на Стручната служба.

- **Член 40**

Во ставот 1 По зборовите: „Директорот на Агенцијата и заменикот на директорот на Агенцијата се професионално ангажирани во Агенцијата со полно работно време" се додаваат зборовите: „согласно законот за работните односи"

*Забелешка

Со додавањето на фразата „согласно законот за работните односи" се нагласува дека иако директорот и заменикот на директорот се избрани со посебна постапка, нивниот работен статус е регулиран со општите прописи од Законот за работни односи.

| |
|---|
| ЗАБЕЛЕШКАТА НЕ СЕ ПРИФАЌА затоа што во ЗААВМУ се уредени прашањата кои се однесуваат на вработените и лицата кои се професионално ангажирани со полно работно време. |

- **Член 41**

Алинеја 13 се менува и гласи: „предлага на Советот одлуки за вработувања, како што е прецизирано со член 43 од овој Деловник, и врши распоредување на вработените во стручната служба на Агенцијата."

Алинеја 16: „Директорот има право да дава овластувања на други лица вработени во Агенцијата, во рамките на неговите надлежности и одговорности во раководењето, во случај кога тој е отсутен, отсутен е и заменикот на директорот на Агенцијата или поради други причини не е во можност да ја врши својата функција, во сите негови надлежности утврдени во член 20 став 1 и 2 од ЗААВМУ" – се брише.

*Забелешка

Деловникот не треба да повторува одредби од закон, туку да ги прецизира процедурите. Во случај на отсуство, заменик-директорот го презема раководењето, а ако и тој е отсутен, тогаш треба да се следи законската процедура за делегирање на овластувања. Повторувањето на законските одредби во Деловникот може да создаде правни недоследности.

| |
|---|
| ЗАБЕЛЕШКАТА НЕ СЕ ПРИФАЌА.<br>ОБРАЗЛОЖЕНИЕ<br>Во членот 41 од Нацрт – Деловникот, алинејата 13 ја утврдува надлежноста на директорот да врши и други работи утврдени со ЗААВМУ, ЗМ и овој Деловник, така што веројатно се мисли на алинеја 12. Предложената измена не може да се прифати затоа што како што е пропишано во член 43 од Нацрт - Деловникот, директорот поднесува предлог за одобрување на неговата одлука за распишување оглас, за спроведување на постапката и членови на Комисијата за евалуација на доставени пријави на кандидатите по јавен оглас. За изборот на кандидатот кој ќе заснова работен однос одлучува Директорот.<br>Во членот 41 од Нацрт – Деловникот нема алинеја 16. Од соржината на текстот на забелешката очигледно е дека таа се однесува на член 41 став 3 од Нацрт – Деловникот. Со овој став се обезбедува непречено работење на Агенцијата во ситуации кога се отсутни директорот и заменик на директорот на Агенцијата. |

- **Член 43**

Став 2 зборот „одлучува" се менува и гласи: „предлага на Советот"

*Забелешка

Како што веќе е споменето во Член 15 и Член 41, улогата на директорот во процесот на вработување не е да донесува конечна одлука, туку да подготви предлог кој Советот потоа го разгледува и за него одлучува.

| |
|---|
| ЗАБЕЛЕШКАТА НЕ СЕ ПРИФАЌА.<br>ОБРАЗЛОЖЕНИЕ<br>Наведеното е во спротивност со алинејата 14 од член 20 на ЗААВМУ, според која Директорот одлучува за вработувања. Одлуките за вработување директорот ги донесува врз основа на предлог од Комисија за евалуација на доставени пријави на кандидатите по објавен јавен оглас за вработување во стручната служба. Воедно во алинеја 18 член 18 од ЗААВМУ е утврдено дека Советот дава одобрување за донесување на одлуките на директорот за вработување. |

- **Член 97**

Ставот: Класификацијата, односно декласификацијата на информацијата ја врши директорот на Агенцијата, согласно позитивните законски прописи во Република Северна Македонија кои ја уредуваат оваа материја – се брише

*Забелешка

Улогата на Агенцијата е да биде независен и транспарентен регулатор. Класифицирањето на информации е спротивно на принципот на транспарентност. Ако во законот не постои обврска за класификација на одредени информации, тогаш ваква одредба во Деловникот е излишна и може да биде злоупотребена.

ЗАБЕЛЕШКАТА НЕ СЕ ПРИФАЌА

Предлогот не се прифаќа од причина што врз основа на искуствата од досегашното работење, до Агенцијата се доставуваат информации кои се веќе означени како доверливи или за ограничена употреба, поради што при ракувањето со нив треба да се врши доследна примена на одредбите од Законот за класифицирани информации и подзаконските акти со кои поблиску се уредува оваа материја.

- **Член 106**

*Забелешка

Иако овој член ги дефинира надлежностите на стручната служба, основните принципи за самостојност, непристрасност и одбивање на незаконски налози се однесуваат на сите носители на функции во Агенцијата, вклучувајќи го и директорот и членовите на Советот.

КОМЕНТАР КОН ЗАБЕЛЕШКАТА

Членот 106 се однесува само за вработените во стручна служба Постапувањето на директорот/заменик на директорот на Агенцијата, на членовите на Советот на Агенцијата, како и на вработените во Агенцијата е подетално во Кодекс за однесување на членовите на Советот и вработените во Стручната служба на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**